Миодраг М. Тодоровиќ
Бул. Илинден 85/13,
1000 Скопје, Р. Македонија

**УДК:811.14'02'373.231**

# И.-Е. КОРЕН *_g'hwel_- 'ОНА ШТО Е КРИВО, СОВИЕНО, КОСО' И НЕГОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО МИКЕНСКИТЕ ЛИЧНИ ИМИЊА

_Апстракт_: Авторот смета дека во микенскиот грчки е застапен и.-е. корен *_g'hwel_- (во неговата пониска превојна фаза) со значењето 'она што е криво, совиено, косо' од кого се изведени следниве лични имиња: _qa-ru-ko_ / _QQ_$^{hw}$_alukos_ / : Φαλυκός (MY Au 657.9, Au 660.2) ; ]_a-qa-ro_ / _A-qq_$^{hw}$_alos_ /: *῎Αφαλος KN (Sc 233), cf. ἄ - φαλος.

И.-е. јазик, треба да се подвлече дека ги познавал споевите од и.-е. гутурал + полувокал *w, т.е. *_gw_ / *_g'w_; *_ghw_ / *_g'hw_; *_kw_ / *_k'w_, а кои по својата природа се разликуваат од вистинските лабиовелари *_g_$^{w}$, *_g_$^{wh}$ , *_k_$^{w}$, т.е. [*_gw_ / *_g'w_] ≠ *_g_$^{w}$ ; [*_ghw_ / *_g'hw_ ] ≠ *_g_$^{wh}$; [*_kw_ / *_k'w_] ≠ *_k_$^{w}$ .[1]

и.-е. *_aig-wo_-, cf. _pe-ra_$_3$_-qo_ /_Per-aiqq_$^{w}$_oi_ / : гр. Περ- αιβοί, - αιβοι < и.-е. *_aig-wo_-.

---

[1] Кога старите Индо-европјани започнале да ја населуваат почвата на Грција и нејзините острови, се смета дека тие со себе го донеле својот јазик обичаите и својата култура. Во симбиоза со староседелците и новодојдените Индо-европјани е настанат грчкиот јазичен идиом. Јазикот на тие Индоевропјани обилувал со богата консонантска система, наспроти вокалната. Имено, и.-е. јазик во поглед на консонатската система разликувал, опозиции по _звучност, аспираност_ и _безвучност_, т.е. *_d_, *_g_, *_g_$^{w}$ / *_d_$^{h}$, *_g_$^{h}$, *_g_$^{wh}$ : *_t_, *_k_, *_k_$^{w}$. Натаму, секој гутурал можел да го има и својот палатален призвук: *_g_ : *_g_'; *_g_$^{h}$ : *_g_'$^{h}$; *_k_: *_k_'. Покрај ова во и.-е. јазик има цела низа на сонанти: *_m_ / *m̥; *_n_ / *n̥; *_l_ / * l̥; *_r_ / * r̥; * i̯ ( *y/j), * u̯ ( *w), како и еден сибилант *_s_. Натаму се смета, и.-е. јазик имал три ларингала *$h_1$> *e, *$h_2$ > *a, *$h_3$ > *o, а по однос на вокалската система се претполага дека и.-е. јазик имал всушност само два вокала со различна тонска интонација и тоа, вокал *e со висок интензитет и вокал *o со низок интензитет, додека, вокалите *i и *u се добиени секундарно од полувокалите * i̯ ( *y/j), * u̯ (*w) и тоа во позиција кога не образувале слог. Вокалот *a е спорадичен и најчесто е добиен или од ларингалот *$h_2$ > *a или од вокалската положба на сонантите *m; *n; * l̥; * r̥. _B._ K. Brugmann, _Gr. Grammatik_, 51; E.Schwyzer, _Gr. Grammatik_, 301–302; H. Rix, _Hist. Grammatik dGr._, p. 221, p. 235; M. Lejeune, _Phonétique_, p. 84s; A. Sihler, _New Comparative Grammar of Greek and Latin_, 159, p. 175s ; M. Meier-Brügger,_Gr. Sprachwissenschaft_, II,1 12 ; M. Meier Brügger, _Idg. Sprachwissenschaft_, p. 84ss.

и.-е. **b$^h$oig-wo-* или **bhoig$^w$o-*,’светол, сјаен, бел', се смета дека е запазен во микенската форма *po-qa-te-u* / *phoigwasteus* / *phoiq$^w$asteus* / : *φοιβαστεύς, (cf. φοιβάζω).

и.-е. **g’hwēr-* ‘ѕвер, животно’, *qe-ro* / *QQ$^{hw}$ē-rōn* /: Θήρ-ων cf., *qe-ri* / *QQ$^{hw}$ē-ris* /: Θήρ- ις, *qe-ri-jo* /*QQ$^{hw}$ē-rios*/: Θήριος.

и.-е. **d$^h$eug$^h$-wo-s-* / **d$^h$ugh-wo-s-*, cf., *te-tu-ko-wo-a* / *tetukhwo(h)a* /(nom.pl.n. perf.) : *τετυχϝώς од τεύχω, τύχω cf., *te-tu-ko-wo-a$_2$* / *tetukhwoha* /:*τετυχϝόhα (part.pf.act. n), cf., τετευχώς.

и.-е. **odak-*, cf., *o-da-ke-we-ta* / *odakwenta* /:*οδακϝεντα (adj. nom.pl n), cf., ὀδάξ, сп. графичката варијанта на пишување *o-da-ku-we-ta*.

и.-е. **puk-*, cf., *a-na-pu-ke/ an-ampukes* /: *ἀν-άμπυκες, cf., ἀν-άμπυξ 'панделката со која косата се врзувала над челото', *a-pu-ko-wo-ko* / *ampuk-worgoi* / : *ἀμπυκ-ϝοργοι: *ἀμπυκ-ϝοργων (nom. pl. или gen.pl.f.) од гр.* ἀμπυκ-ϝοργός гр. ἄπυξ и ϝοργής .

и.-е.**kwarp-*, cf., *ka-pa-ri-jo* / *Karpaliōn* / : Καρπαλίων; *ka-pa-ri-jo-ne* /*Karpaliōnei* / (dat. sing.) од Καρπαλίων 'рачен зглоб,брз, пргав'.

и.-е.**kwH$_a$p-*, cf., *ka-pi-ni-ja* / *kapnias* /(gen. sg.) : καπνία = καπνοδόκη ' оџак (односно отвор на покривот на куќата од каде што излегувал димот, а истовремено навлегувала и сончевата светлина)'.

и.-е. **k'(u)wo-/*k'wo-*,’куче, пес’ cf., *ku-na-ke-ta-i* / *kunāgetāhi* /(dat.pl) : *κυναγέταhι, cf., κυναγέτας, κυνηγέτης 'водачи на кучиња, ловџии', како сложенка од κύων и ἡγέομαι, *ku-ne* / *Kunēs* / : Κύνης, *ku-ne-u* / *Kuneus* / : *Κυνεύς , cf. Κύνης.

и.-е. **H$_e$ek'wo-*’коњ ’, *i-qo/$^h$Iqq$^w$os/*: ἵππος , *i-qa-ro* /*$^h$Iqq$^w$alos* /: Ἵππαλος и др.

и.-е. **k’wā-* од **k’weH$_2$* ‘поседувам, имам’, *mo-ro-qa* / *moiro-qq$^w$as* /: *μοιρο- πᾶς 'поседник на дел', -ππᾶς и др.

и.-е. **k’wei-/*k’wi-* ‘сјаен, светол, бел’, cf., *qi-ta-ro* / *QQ$^w$itaros* /: Τίταρος.

Во прилог на овие согледувања, ние во овој труд ќе се запреме на и.-е. корен **g’hwel-* ‘она што е криво, совиено, косо’ и да видиме дали истиот бил застапен во микенското линеарно Бе писмо.

Во етимолошките речници на грчкиот јазик, и.-е. корен **g’hwel-* ‘она што е криво, свиено, косо’ не е секогаш рамноправно третиран.

Според, P. Chantraine (*DELG*, стр. 1175) грчката форма φάλος 'метален дел на шлемот кој тргнувал од челото до тилот, грива на шлемот, обрач'. Според истражувањата на старите лексикографи претставува проблем кој е присутен уште од старите времиња. Иако се знае дека φάλος е дел на металната кацига на шлемот во форма на рог, тој сепак заклучува дека етимологијата е непозната. На тоа, упатува и A. Sihler (*New Comparative Greek and Latin Grammar*, стр. 412), каде што за φάλα во τρυ- φάλεια посочува исто така дека не е јасно потеклото и значењето.

За разлика од него J. B. Hofmann (*Etymologisches Wörterbusch des Griechischen*, стр. 391), смета дека овој грчки збор φάλος е во врска со и.-е. корен **g'hwel*- 'она што е криво, совиено, косо'. На тоа упатуваат, зборови од други и.-е. јазици, стинд. *hvárate*, *hválati* `кој оди накриво, куц; којшто лута', авест. *zbaramna* 'кој оди криво, куц', перс. *zurah* 'кој не е во право, крив', перс. *zur* ≈ лат. *falsus* 'кој не е во право, крив, виновен', литв. *žvyluoti*, `кос', *pa-žvilti* 'кос, крив, стрм', стслов. *zъlъ*.[2]

P. Skok (*Etmološki rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, 642–643, sv. *zao*) вели дека прасловенскиот јазик го има психолошкото значење, што упатува на еден понизок степен (Tiefstufe) за значењето на и.-е. корен **g'hwel*- 'она што е криво, совиено, косо', види, лит. *atžūlas, atžūlus* 'нагло, грубо, тешко, неумоливо', *įžūlus* 'претерано, попреку, грубо, косо, стрмно', *pazulmis* 'накосо, криво, стрмно', со степен на превој *е* лот. *zvelt* 'свиок' наспроти *о* лит. *žvalus* 'свиткано, криво'.

Во прилог кон застапеноста на и.-е. корен **g'hwel*- 'она што е криво, совиено, косо', по наше мислење би можело да се придодадат следниве микенски форми од личните имиња: Микена *qa-ru-ko*, MY Au 657.9, Au 660.2[3] и Кносос ]*a-qa-ro* KN (Sc 233)[4]

За микенското лично име *qa-ru-ko /QQ*$^{`h}$*alukos/*: гр. Φαλυκός сметаме дека претставува изведеница од и.-е. **g'hwelu-ko*- > гр. *φαλυ-κο- и истата ја доведуваме во врска со грчките форми: φαλίπτει· μωραίνει; φαλόν· τὸ στερεὸν

[2] A. Valde-J.Pokorny, *Ver.W.d.idg. S.*, p. 644 ; J. Pokorny, *IEW*, pp. 489–490; K. Brugmann, *Gr. Gramm.*, p. 142; P. Persson, *Beiträge*,II, p. 757; M. Vasmer, *Russische etymologisches Wörterbusch, s.v*

[3] *Docs.*[2],576., J. Chadwick, *MT* III, 55 Φάρυκος.

[4] *Docs.*[2], s.v.

κύκλωμα τοῦ στέρνου οἱ δε τὸν μῶρον; φαλωθείς· παρατραπείς, φολκός ʾкривоног, куцʿ.[5]

Грчките форми кои се наведени, според мислењата на еден број истражувачи стојат во врска со и.-е. корен **g'hwel-* ʿона што е криво, совиено, косоʾ.[6]

Освен тоа грчката форма φαλίπτει· μωραίνει за која немаме сигурна етимологија, упатува на заклучок дека во и.-е. корен **g'hweli-*/**g'hwelu-* станува збор за хетероклитична основа *φαλι- : *φαλυ-, како во формите: ἁλι-κός:ἁλυ-κός; ἄργι-λος :ἄργυ-λος; ἀγχι-: ἄγχυ-; ἀρχι- : *ἀρχυ- и др., од кои во грчкиот јазик се изведени личните имиња ʿΑλί-κος: ʿΑλύ-κος, ῎Αργι-λος : ῎Αργυ-ρος; ῎Αγχῖ-ται: ῎Αγχυ-ρος; ʾΑρχι-ϝαστος: ʾΑρχύ-τας и др[7].

Суфиксот -*ko*- е застапен кај адјективи од кои се образувани лични имиња и етникони, сп. на пример: θῆλυς: θηλυκός: Θηλυ-κός; λίβυς : λιβυ-κός: Λυβυ-κός; κήρυξ : Κηρυ-κός, види уште и ʾΑχαικός, Δωρικός, Τροικός и други). Според тоа, микенската фрма *qa-ru-ko /QQ$^{hw}$alukos/*: гр. Φαλυκός упатува на заклучок дека станува збор за еден супстантивиран адјектив на -*ko*- од грчката хетероклитична основа *φαλυ- од и.-е. корен **g'hwelu-*[8].

Како најблиска пралела со микенското лично име *qa-ru-ko /QQ$^{hw}$alukos/*: гр. Φάλυκος по наше мислење стојат срп.-хрв. презиме *Zličić*, односно, срп.-хрв. хипокористици *zlica* и *zliko*, за кои P. Skok[9] смета дека се карактеристични за југозападните говори и како такви ја заменуваат стслов. форма *зло-*

---

[5]J. B. Hofmann, *Etymologisches Wörterbusch des Griechischen*, p. 391. За грчката форма φολκός може да се претполага дека е од *φολυκός со исчезнување на полувокалот -w- (= гр. –υ-) зад ликвидата, сп. ἤλθον за *ηλυθον, ἔλθε за *ελυθε и др., види кај H. Rix, *Hist. Gr. Gramm*., p. 18, p. 58.

[6] A. Valde-J.Pokorny, *Ver.W.d.idg. S*., p. 644 ; J. Pokorny, *IEW*, pp. 489–490; K. Brugmann, *Gr. Gramm*., 142; P. Persson, *Beiträge*, II, 757; M. Vasmer, *Russische etymologisches Wörterbusch, s.v*.; P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, s.v zao*; H. Frisk, *GEW*, 1035; М. Будимир-Љ. Црепајац, *Из хеленске глотологије*, p. 44.

[7] F. Specht, *Der Ursprung der Indogermanischen Deklination*, p. 113.

[8] K. Brugmann, *Kurze Grammatik*, p. 327–328; M. Budimir, "Particulae Pelasticae", *ŽA* I, p. 238s., гр. форма φολκός· στράβος ἐστραμμμένος ја доведува во врска со предгрчката форма χαλκίς ʻкрив, совиенʼ со предгрчкиот превој χ/φ, сп. δάφνη : δαύχνα. Затоа, М. Будимир врз основа на Полибиевиот запис ἐμφαλκωμένοις· περι- πεπλαγμένοις е на мислење дека гр. φολκός е добиен од постарата форма *φαλκός по пат на асимилација и упатува на φαλκόομαι.

[9] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, s.v zao*.

*делъ* = κακοῦργος.[10] Тогаш срп.-хрв. хипокористик *zlica* секако е во врска со и.-е. корен **g'hweli-*, за која востановивме дека се јавува во грчката форма φαλί-πτει· μωραίνει. За адјективните проширувања на -*ko*- кај *i*- основите, види стинд. *anti-kas* 'наспроти, преку пат' : *anti*; *suci-kas* ʽбоцкам, бодамʼ: стинд. *suci* ʽиглаʼ, πηλί-κος : τηλί-κος гр. φυσικός: φύσις[11], односно, алтернацијата на основите -*i*-/-*u*- во стслов. *venci* од и.-е. **woin-i-ko-s* : рус. *venok* од и.-е. **woin-u-ko-s*.[12]

Грчката хетероклитична форма *φαλι-/*φαλυ-, упатува на заклучок дека и.-е. корен **g'hweli-/* **g'hwelu-* 'она што е криво, совиено, косо', бил проширен со адјективскиот суфикс -**ko*- и -**ka*- при што може да се допушти дека се настанати следниве форми:

и.-е. **g'hwelu-ko-* > мик. *qa-ru-ko/* $QQ^{hw}$*alukos* /: гр. Φαλυκός, односно,

и-е.**g'hweli-ka-* > стсл. **zъlica*, види, срп.-хрв. *zlica* образување слично на *prica* < **pъrica*, (сп. го срп.-хрв. презиме *Prica*) како што тоа го смета P. Skok[13]. Секако дека формата *Zličić* е од **zъliki-tjъ* како и *Vučić* од **vъlki-tjъ* и др. За застапеноста на стслов. основа *zъlъ* од и.-е корен **g'hwel-* во словенските лични имиња и топоними, сп. на пример: рус. *Zly-gostev*, пол. *Zły-myst*, чеш. *Zloba*, словен. *Zloba*, срп.-хрв. *Zavid, Zaviša*, македонските ојконими *Злео, Злеш, Злета, Злетово, Злешти*, но и срп.-хрв. *Zli-potok, Zli-breg* и др.[14] За застапеноста на гр. основа φάλκος во лексиконот на грчките лични имиња од помикенскиод период упатуваат формите ʼΑμ-φάλκος, Φάλκης и ʼΑμ-φάλκης и др[15].

И.-е. корен **g'hwel-* ʽ она што е криво, совиено, косо ʼ > гр. φάλος во микенскиот грчки, според наши согледувања е

---

[10] A. Sadnik-R.Aitzemuler, *Handwörterbuch zu den Altkirchenslavischen texten*, p. 167.

[11] K. Brugmann, *Griechishen Grammatk*, p. 241s.

[12] V. Georgiev, *Introduction*, p. 338.

[13] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* p. 642. За потеклото на ст.словенскиот суфикс –*ica* дека е во тесна врска со старословенските основи на –*ik*- од и.-е. -**i-ko-,* сп. K. Brugmann, *Kurze Grammatik,* pp. 327–328*;* V. Georgiev, *Introduction,* p. 338; P. Hr. Ilievski, "Expansion of the Greek Suffiks -ισσα and the Slavonic -*ica*," in *O-o-pe-ro-si*, *Festschrift fur Ernst Risch zum 75. Geburtstag* pp. 406–411, и таму наведената литература.

[14] M. Šimundič, "Značenje najstarijih slovenskih osobnih imena", *Časopis za zgodovino in narodnopisje*, 1973, p. 37s. ; Т. Стаматовски, *Македонска ономастика*, (1990), p. 5 ; М. Грковиќ, *Речник личних имена код Срба,* (1977), p. 96s.

[15] A. Heubeck, *Praegraeca*, p. 37, 48;

сочуван и во личното име од Кносос ]*a-qa-ro* KN (Sc 233)[16] кое го доведуваме во врска со гр. ἄ- φαλος 'којшто нема φάλος (~ којшто нема рог, перевез на шлемот', т. е., ]*a-qa-ro* / *A-qq$^{hw}$alos* /: * ῎Α- φαλος[17].

Според тоа, значењето на и.-е. корен **g*'*hwel*- 'она што е криво, совиено, косо ', во грчкиот јазик од микенскиот период ја има пониската превојна фаза.


SUMMARY

*The I.-E. root *g'hwel- 'what is sloping steeply' in the Mycenaean personal names*

In Mycenaean Greek, author of considered to have been preserved i.-e. root * *g*'*hwel*- "what is sloping steeply" from whom they could be performed next Mycenaean personal names: *qa-ru-ko* / QQ$^{hw}$alukos / : gr. Φαλυκός (MY Au 657.9, Au 660.2) and *]a-qa-ro* / A-qq$^{hw}$alos /: * ῎Α- φαλος KN (Sc 233), cf., gr. ἄ- φαλος.


[16] *Docs*[2]. s.v.

[17] L. R. Palmer, *Interpretation*, s.v. *a-qa-ro*.